**ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН**

**ЗА КОНТРОЛА НА ИЗВОЗ НА СТОКИ И ТЕХНОЛОГИИ СО ДВОЈНА УПОТРЕБА ([1])**

**Скопје, декември 2023 година**

**ВОВЕД:**

[1] Регулатива (ЕУ) 2021/821 на Европскиот парламент и на Советот од 20 мај 2021 година за воспоставување режим на Унијата за контрола на извозот, посредувањето, техничката помош, транзитот и трансферот на предмети со двојна употреба

## I. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во Република Северна Македонија извозот, посредувањето и транзитот на стоки со двојна употреба се регилирани со Законот за контрола на извоз на стоки со двојна употреба („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/05,84/07, 158/10, 136/11, 199/14, 191/15 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21).Законот за контрола на извоз на стоки со двојна употреба е изменет неколку пати и истиот делумно е усогласен со Регулативата на Европскиот парламент и Советот (ЕЗ) бр.428/2009. Потребата за донесување на овој закон е заради негово усогласување со Регулатива (ЕУ) 2021/821 на Европскиот парламент и на Советот од 20 мај 2021 година за воспоставување режим на Унијата за контрола на извозот, посредувањето, техничката помош, транзитот и трансферот на предмети со двојна употреба. Согласно Регулативата (ЕУ) 2021/821, потребно е истиот значително да се измени, т.е. потребно е да се донесе нов закон кој во значителна мерка ќе ги земе во предвид меѓународните обврски и задачи во делот на националната надворешна и безбедносна политика, вклучително и оние содржани во Заедничката позиција на Советот 2008/944/ЗНБП, вклучувајќи ги и човековите права, како и планираните размислувања за крајна употреба и ризик од злоупотреба. Со донесувањето на овој закон, Република Северна Македонија ја покажува својата посветеност на одржување на силни законски барања во однос на стоките со двојна употреба, односно за усвојување и спроведување на мерки за воспоставување на ефективен систем на контрола на извозот на стоки со двојна употреба, односно за спречување на ширењето на оружје за масовно уништување, во согласност со обврските од Резолуцијата 1540 на Советот на безбедност на Обединетите нации од 2004 година, обврските од меѓународните договори (Конвенцијата за хемиско оружје и Конвенцијата за биолошко и токсично оружје), и обврските договорени во рамките на мултилатералните режими за контрола на извозот: Групата на нуклеарни добавувачи (NSG), Режим за контрола на ракетната технологија (MTCR), Австралиската група (AG) и Васенар аранжманот (WA).

Придонесот на извозниците, брокерите, давателите на техничка помош или другите релевантни чинители во извозните контроли е клучен. Одтука проценката на ризиците поврзани со трансакциите опфатени со овој закон, треба да се врши со помош на мерки за верификација на трансакциите, т.е. нивна анализа од страна на извозниците, брокерите и давателите на техничка помош, како дел од нивна програма за внатрешна усогласеност која истите ќе треба да ја воспостават. При креирањето и спроведувањето на ваквите програми за внатрешна усогласеност мора да се земат предвид големината и организациската структура на извозникот, брокерот и давателот на техничка помош. Потребно е да се воведат и насоки за воспоставувањето на програмите за внатрешна усогласеност за да помогнат да се постигне еднаков терен за сите извозници и да се подобри ефективната примена на контролите. Овие упатства треба да ги земат во предвид разликите во големината, ресурсите, областите на активност и другите карактеристики и услови на извозниците и нивните подружници, како што се структурите и стандардите за усогласеност во рамките на групата, со што ќе се избегне пристапот „една големина за сите“ и ќе се помагне на секој извозник да најде свои решенија за усогласеност и конкурентност. Извозниците кои ќе користат глобални и општи дозволи за извоз ќе треба да имплементираат програми за внатрешна усогласеност.

Листата на стоки со двојна употреба, дестинациите и упатства за двојна употреба се исто така клучни елементи на извозните контроли. Со цел да и се овозможи брз одговор на Владата на Република Северна Македонија на променливите околности во однос на Листата на стоки со двојна употреба и проценката на чувствителноста на извозот според општите дозволи за извоз, потребно е да и се

делегира овластување за ажурирање на Листата на стоки со двојна употреба, во согласност со измените во Листата на стоки со двојна употреба на ЕУ, како и овластување за ажурирање на Одлуката за определување на општите дозволи за извоз и дополнителните услови и барања за нивно користење во согласност со измените на општите дозволи за извоз на Унијата. Исто така потребно е со законот попрецизно да се дефинираат случаите за примена на сеопфатните контроли.

Во однос на стоките за сајбер-надзор, надлежните органи треба конкретно да го разгледаат ризикот, тие стоки да се користат во врска со внатрешна репресија или извршување на сериозни прекршувања на човековите права и меѓународното хуманитарно право. Со цел да се одговори на таквиот ризик соодветно е да се контролира извозот на одредени стоки за сајбер надзор кои може да бидат злоупотребени од лица вклучени во организацијата, за извршување на сериозни повреди на човековите права или меѓународното хуманитарно право. Придружните ризици се однесуваат особено на случаи кога таквите стоки за сајбер-надзор се специјално дизајнирани за да овозможат неовластено внесување или анализа на пакет сообраќај во информациските и телекомуникациските системи со цел да се изврши таен надзор на физички лица преку следење, извлекување, собирање и анализа на податоци, вклучувајќи биометриски податоци од тие системи. Стоките што се користат исклучиво за комерцијални апликации како што се плаќање, маркетинг, квалитетни услуги, задоволство на клиентите или мрежна безбедност генерално се смета дека не ги носат овие ризици. За да се зајакне ефективната контрола на извозот на стоки кои не се наведени за сајбер надзор, потребно е дополнително да се усогласи и примената на сеопфатни контроли во оваа област. За таа цел, тие контроли треба да се поддржат преку споделување на информации со другите земји, особено во однос на технолошкиот развој на стоките за сајбер-надзор.

Треба исто така да се контролира и преносот на софтвер и технологија со двојна употреба преку електронски медиуми, факс или телефон до дестинации надвор од царинската територија на Република Северна Македонија Меѓутоа, за да се ограничи административното оптоварување за извозниците и надлежните органи, треба да се овозможи да се обезбедат општи или глобални дозволи за одредени трансфери, како што се преносите во облак.

Со оглед на важната улога на царинските органи во спроведувањето на извозните контроли, термините што се користат во овој закон треба, колку што е можно, да бидат конзистентни со дефинициите наведени во Царинскиот закон на Република Северна Македонија. Дефиницијата на поимот „брокер" потребно е исто така да се ревидира за да ги вклучи и правните лица и партнерствата кои немаат живеалиште или деловно место во Република Северна Македонија, а кои обезбедуваат брокерски услуги од царинската територија на Република Северна Македонија. Исто така потребно е да се воведе дефиниција за техничка помош и да се специфицираат контролите што се применуваат за нејзиното обезбедување.

Во извозот на стоки со двојна употреба може да бидат вклучени лица од различни категории вклучително и физички лица како што се даватели на услуги, истражувачи, консултанти и лица кои пренесуваат стоки со двојна употреба по електронски пат. Од клучно значење е сите овие лица да бидат свесни за ризиците поврзани со извозот и обезбедувањето на техничка помош во однос на овие стоки. Академските и истражувачките институции особено се соочуваат со специфични предизвици во контролата на извозот поради нивната општа посветеност на слободната размена на идеи, фактот што нивната истражувачка работа често вклучува најнапредна технологија, нивната организациска структура и меѓународната природа на нивните научни размени. Одтука е потребно да се подигне нивото на свест во академската и истражувачката заедница и да им се дадат насоки за справување со овие специфични предизвици. Во согласност со мултилатералните режими за контрола на извозот, при спроведувањето на контролите треба да се примени заеднички пристап, колку што е можно, во

однос на одредени одредби, особено во однос на неконтролните белешки „основно научно истражување“ и „јавен домен “ во однос на академската заедница.

Потребно е да се овозможи под одредени околности министерството за економија да може да забрани транзит на стоки со двојна употреба, доколку истото, врз основа на информации од разузнавачките служби или други извори, има разумна основа да се сомнева дека стоката е или би можела да биде, целосно или делумно, наменета за крајна употреба за воени цели во земја која е предмет на ембарго за оружје, или за ширење на оружје за масовно уништување или нивни средства за испорака.

Покрај индивидуалните дозволи за извоз потребно е да се воведат глобални и општи дозволи за извоз и дозволи за големи проекти со цел:

- да се прилагодат условите за лиценцирање на специфичните потреби на индустријата,
- да се намали административниот товар на бизнисите, особено на малите и средните претпријатија, и
- да се обезбеди соодветно ниво на контрола врз релевантните стоки до релевантните дестинации.

Потребно е да се воведат алатки за поддршка на развојот на контрола на извозот како што е електронски процедури за лиценцирање и да се воспоставaт ефективни, пропорционални и одвраќачки санкции применливи во случај на прекршување на одредбите од овој Закон.

Ангажирањето со приватниот сектор, особено малите и средните претпријатија, и транспарентноста се клучни за ефективен режим на контрола на извозот. Затоа, соодветно е да се обезбеди континуиран развој на насоки и упатства, по потреба, за поддршка на примената на овој закон, како и објавување на годишни извештаи за спроведување на контролите од страна на комисијата за контрола на извозот.

Контролите на извозот на стоки со двојна употреба придонесуваат за меѓународната безбедност и имаат влијание врз трговијата со други земји. Затоа, соодветно е да се работи на дијалог и соработка со другите земји со цел да се поддржат еднаквите услови на трговија на глобално ниво и да се подобри меѓународната безбедност.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на предлог законот е да се уредат, односно доуредат условите за извоз, посредување, техничка помош и транзит на стоки со двојна употреба, надлежноста на државните органи во контролата на извозот, посредувањето, транзитот и обезбедувањето техничка помош на стоки и технологии со двојна употреба, правата и обврските на правните и физичките лица кои вршат извоз, посредување и транзит на стоки и технологии со двојна употреба и кои обезбедуваат техничка помош во врска со стоки и технологии со двојна употреба како и прекршоците за непридржувањето кон одредбите на овој закон .

Цел на предлог законот како што е наведено во членот 3 од Предлогот на закон е воспоставување на контрола при извозот и транзитот на стоки и технологии со двојна употреба, и при обезбедувањето на брокерски услуги и техничка помош во врска со стоки и технологии со двојна употреба, поради заштита на одбранбените, безбедносните, економските и надворешно политичките интереси на Република Северна Македонија во зајакнување на меѓународниот мир и безбедност, како и поради исполнување на меѓународните обврски на Република Северна Македонија во оваа област.

Предлог законот всушност има за цел да ги утврди:

- областите на примена на законот,
- условите, барањата, критериумите и постапката за издавање на дозволите за извоз, посредување и техничка помош на стоки со двојна употреба,
- видовите на дозволи и сертификати,
- начинот и постапката за одбивање, одземање, поништување и измена на дозволите за извоз, транзит, давање на техничка помош и посреднички услуги,
- обврските на лицата кои вршат извоз и транзит на стоки со двојна употреба и обезбедуваат брокерски услуги и техничка помош во врска со стоки со двојна употреба
- обврските на надлежните органи и
- прекршочните одредби за непридржувањето кон одредбите на овој закон.

## III.ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог законот нема финансиски последици врз Буџетот и другите јавни финансиски средства

## IV. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлог Законот не е потребно обезбедување финансиски средства.

## V. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВИ ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕГЛЕДОТ НА ЗАКОН СО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Регулатива (ЕУ) 2021/821 на Европскиот парламент и на Советот од 20 мај 2021 година за воспоставување режим на Унијата за контрола на извозот, посредувањето, техничката помош, транзитот и трансферот на предмети со двојна употреба.

Предлог законот е значително усогласен со Регулативата (ЕУ) 2021/821 на Европскиот парламент и на Советот од 20 мај 2021 година за воспоставување режим на Унијата за контрола на извозот, посредувањето, техничката помош, транзитот и трансферот на предмети со двојна употреба.

Делумната усогласеност е поради тоа што дел од одредбите од Регулативата кои се однесуваат на земјите членки на Европската унија ќе се транспонираат по пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската унија, а дел од одредбите кои се делумно транспонирани ќе бидат транспонирани во подзаконските акти кои ќе бидат донесени во рок од три месеци од донесувањето на овој закон.

## З А К О Н
## ЗА КОНТРОЛА НА ИЗВОЗ НА СТОКИ И ТЕХНОЛОГИИ СО ДВОЈНА УПОТРЕБА ([2])

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет**

**Член 1**

(1) Со овој закон се воспоставува режим за контрола на извозот, посредувањето, техничката помош и транзитот на стоки со двојна употреба во Република Северна Македонија.

(2) Со Законот се уредуваат условите за извоз, посредување, техничка помош и транзит на стоки со двојна употреба, надлежноста на државните органи за контрола на извозот, посредувањето, транзитот и обезбедувањето техничка помош на стоки и технологии со двојна употреба, правата и обврските на правните и физичките лица кои вршат извоз, посредување и транзит на стоки и технологии со двојна употреба и кои обезбедуваат техничка помош во врска со стоки и технологии со двојна употреба и прекршоците за непридржувањето кон одредбите на овој закон .

**Дефиниции**

**Член 2**

Дефинициите применети во овој закон го имаат следново значење:

---

[2] Регулатива (ЕУ) 2021/821 на Европскиот парламент и на Советот од 20 мај 2021 година за воспоставување режим на Унијата за контрола на извозот, посредувањето, техничката помош, транзитот и трансферот на предмети со двојна употреба

1. **„Стоки и технологии со двојна употреба“** се стоки, вклучително софтвери и технологии, кои можат да се користат и за цивилни и за воени цели, а кои вклучуваат и стоки што може да се користат за проектирање, развој, производство или употреба на нуклеарно, хемиско или биолошко оружје или средства на нивна испорака, вклучително и сите стоки што може да се користат за неексплозивни цели и кои што на кој било начин помагаат во производството на нуклеарно оружје или на други нуклеарни експлозивни направи;
2. **„Листа на стоки и технологии со двојна употреба”** е список на стоки и технологии со двојна употреба за чиј извоз, посредување, техничка помош и транзит е потребно да се прибави дозвола ;
3. **„Извоз на стоки и технологии со двојна употреба“** е:
   (а) изнесување на стока од царинското подрачје на Република Северна Македонија во согласност со член 174 и 175 од Царинскиот закон на Република Северна Македонија;
   (б) повторен извоз на стока во согласност со член 191 став 2 и 3 од Царинскиот закон на Република Северна Македонија;
   (в) постапка на извоз за облагородување во согласност со член 158 и 159 од Царинскиот закон на Република Северна Македонија; или
   (г) пренос на софтвер или технологија преку електронски медиуми, вклучително со телефакс, телефон, електронска пошта или со кое било друго електронско средство до дестинација надвор од царинската територија на Република Северна Македонија или ЕУ, тоа вклучува ставање на располагање во електронска форма на таков софтвер и технологија на физички или на правни лица или на партнерства надвор од царинската територија на Република Северна Македонија или ЕУ и усмен пренос на технологијата ако технологијата се опишува преку медиум за гласовен пренос;
4. **„извозник“ е**:
   (а) секое правно или физичко лице или партнерство кое поднесува извозна царинска декларација или декларација за повторен извоз, кое во моментот на прифаќањето на истата има склучен договор за извоз со примачот во друга земја и има овластување да ја испрати стоката надвор од царинското подрачје на Република Северна Македонија или ЕУ, односно ако нема склучен договор за извоз или ако имателот на договорот за извоз не настапува во свое име, извозник е лицето кое има овластување да одлучи стоката да ја испорача надвор од царинското подрачје на Република Северна Македонија или ЕУ; или
   (б) секое правно или физичко лице или партнерство кое одлучи да пренесе софтвер или технологија со помош на електронски медиуми, телефакс, телефон, електронска пошта или било кое друго електронско средство, на одредиште надвор од царинското подрачје на Република Северна Македонија или ЕУ, или им го стави на располагање во електронска форма таквиот софтвер и технологија на физички или правни лица лице или партнерства надвор од царинското подрачје на Република Северна Македонија или ЕУ;
   (в) секое физичко лице кое носи стока со двојна употреба што се извезува во личниот багаж на тоа лице;
   (г) правно или физичко лице со седиште или постојан престој во Република Северна Македонија и земјите членки кога како договорна страна извезува стока со двојна употреба во име и за сметка на лице со седиште или постојан престој надвор од Република Северна Македонија или ЕУ;
5. **„Царинска декларација“ е** дејствие со кое во пропишана форма и на пропишан начин физичкото или правно лице искажува волја за ставање на стока во одредена царинска постапка. Ова вклучува извозна декларација, декларација за повторен извоз и излезна збирна декларација;
6. **„Брокерски услуги“** се:
   (а) преговарање или договарање на трансакции за купување, продавање или набавка на стоки и технологии со двојна употреба од една земја во која било друга земја, или

(б) продавање или купување на стоки и технологии со двојна употреба кои се наоѓаат во една земја за нивен пренос во која било друга земја.

За целите на овој закон помошните услуги не се сметаат за брокерски услуги. Помошни услуги се: транспорт, финансиски услуги, осигурување или реосигурување, рекламирање и промоција;

**7.** **„Брокер“** е секое физичко или правно лице или партнерство кое обезбедува брокерски услуги од царинското подрачје на Република Северна Македонија или ЕУ на државно подрачје на друга земја;

8. **„Техничка помош“** е секоја техничка подршка поврзана со поправка, развој,изработка, составување, тестирање, одржување или секоја друга техничка услуга и може да биде во форма на инструкции, совети, обука, пренос на практично знаење или вештини или консултантски услуги, вклучително и со електронски средства и телефон и сите други усни форми на помош;

9. **„ Давател на техничка помош“ е:**

(а) секое физичко или правно лице или партнерство кое обезбедува техничка помош од царинското подрачје на Република Северна Македонија или ЕУ на државно подрачје на друга земја;

(б) секое физичко или правно лице или партнерство со живеалиште или деловно седиште во Република Северна Македонија и земјите членки кое обезбедува техничка помош на територијата на друга земја; или

(в) секое физичко или правно лице или партнерство со живеалиште или деловно седиште во Република Северна Македонија и земјите членки кое обезбедува техничка помош на резидент на друга земја привремено присатен на царинското подрачје на Република Северна Македонија или ЕУ;

10 **„Транзит на стоки со двојна употреба “** е транспорт или превоз на стоки и технологии со двојна употреба од една земја во друга земја при што стоките влегуваат и минуваат низ царинската територија на Република Северна Македонија или ЕУ, доколку тие стоки:

(а) се ставаат во постапка за надворешен транзит и само поминуваат низ царинското подрачје на Република Северна Македонија или ЕУ;

(б) се претовараат во рамките на слободна зона или директно реекспортираат од неа;

(в) привремено се складираат и директно се реекспортираат од објект за привремено складирање; или

(г) влегуваат во царинското подрачје на Република Северна Македонија или ЕУ во истиот брод или авион во кој ќе ја напуштат таа територија без истовар;

11. **„Индивидуална дозвола (одобрение) за извоз“** е дозвола (одобрение) доделена на еден одреден извозник за еден краен корисник или примач во друга земја и опфаќа еден или повеќе видови на стоки со двојна употреба;

12. **„ Глобална дозвола (одобрение) за извоз“** е дозвола (одобрение) доделена на еден одреден извозник за еден вид или категорија на стоки со двојна употреба што може да важи за извоз до еден или повеќе наведени крајни корисници и/или една или повеќе наведени други земји;

13. **„ Дозвола (Одобрение) за голем проект “** е индивидуална дозвола (одобрение) за извоз или глобална дозвола (одобрение) за извоз доделена на одреден извозник за еден вид или категорија на стоки со двојна употреба што може да важи за извоз за еден или повеќе наведени крајни корисници во една или повеќе наведени други земји за целите на одреден голем проект;

14. **„ Општа дозвола (одобрение) за извоз “** е дозвола (одобрение) за извоз во одредени земји на дестинација достапна за сите извозници кои го исполнуваат условот наведен во член 20 став 2 на овој закон и условите и барањата пропишани согласно член 20 став 7 од овој закон.

15. **„Ембарго на оружје“** е ембарго за оружје наметнато со одлука на Владата на Република Северна Македонија согласно одлука или заедничка позиција усвоена од Советот на ЕУ или согласно

одлука на Организацијата за европска соработка и безбедност (ОБСЕ) или ембарго на оружје наметнато со обврзувачка резолуција на Советот за безбедност на Обединетите нации.

16. „**Стоки за сајбер надзор**“ се стоки со двојна употреба специјално дизајнирани да овозможат таен надзор на физички лица преку следење, извлекување, собирање или анализа на податоци од информатичките и телекомуникациските системи.
17. „**Програма за внатрешна усогласеност**“ значи постојани ефективни, соодветни и пропорционални политики и процедури усвоени од извозниците за да се овозможи усогласеност со одредбите и целите на овој закон и со условите за лиценците спроведени во согласност со овој закон, вклучувајќи, меѓу другото, размислувања за мерките за длабинска анализа кои ги проценуваат ризиците поврзани со извозот на стоки до крајните корисници и крајните употреби;
18. **„Сертификат за краен корисник“**е документ кој му се издава на одреден краен корисник или примач во Република Северна Македонија, со кој се потврдува дека истиот е краен корисник на стоките со двојна употреба, крајната употреба на стоките и дека истите нема да се користат за други цели ниту пак повторно да се извезат без одобрение од надлежното министерство на државата извозник;
19. **„ Меѓународен сертификат за увоз “** е документ доделен на еден одреден увозник за еден одреден краен корисник или примач во Република Северна Македонија, кој вклучува една или повеќе ставки на стоки со двојна намена;
20. **„ Потврда за прием на стоката (сертификат за верификација на испорака)“** е документ издаден со цел да се потврди дека стоката со двојна намена пристигнала до крајната дестинација наведена во документот;

**Цел**

**Член 3**

Цел на овој закон е воспоставување на контрола при извозот и транзитот на стоки и технологии со двојна употреба, и при обезбедувањето на брокерски услуги и техничка помош во врска со стоки и технологии со двојна употреба, поради заштита на одбранбените, безбедносните, економските и надворешно политичките интереси на Република Северна Македонија во зајакнување на меѓународниот мир и безбедност, како и поради исполнување на меѓународните обврски на Република Северна Македонија во оваа област.

## II. ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА

**Извоз на стоки со двојна употреба**

**Член 4**

(1) Стоката со двојна употреба утврдена во “Листата на стоки и технологии со двојна употреба се извезува врз основа на дозвола (одобрение) за извоз.
(2) Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерството за економија, ја утврдува Листата на стоки и технологии со двојна употреба која е усогласена со релевантната листа на Европската унија.
(3) Листата на стоки и технологии со двојна употреба редовно се менува и ажурира од страна на Владата на Република Северна Македонија секоја година, во согласност со измените во Листата на стоки со двојна употреба на ЕУ, за да се осигура дека останува усогласена со контролните листи на релевантните меѓународните режими на непролиферација.
(4) Владата на Република Северна Македонија со одлука ги утврдува стоките и дестинациите за секој тип на општа дозвола (одобрение) за извоз од член 21 став 2 и дополнителните услови и барања за негово користење.

(5) Владата на Република Северна Македонија е овластена да ја измени Одлуката за определување на општите дозволи (одобренија) за извоз, со отстранување на стоки и со додавање или отстранување на дестинации од опфатот на општите дозволи (одобренија) за извоз, во согласност со измените на општите дозволи (одобренија) за извоз на Унијата и земајќи ги во предвид обврските кои се превземени и произлегуваат од релевантните режими на непролиферација и аранжмани за контрола на извозот.

(6) Во согласност со член 5, 6 и 7 на овој закон, дозвола (одобрение) за извоз може да се бара и за извоз на одредена стока со двојна употреба која не е наведена во листата на стоки со двојна употреба од ставот 1 на овој член, за сите или за одредени одредишта.

**Сеопфатна клаузула**

**Член 5**

(1) Дозвола (Одобрение) за извоз на стока со двојна употреба која не е наведена во листата на стоки од член 4 став 1, се бара ако извозникот е известен од страна на Министерството за економија дека таа стока би можела, во целост или делумно, да се намени за следното:

(а) за употреба во врска со развојот, производството, ракувањето, работењето, одржувањето, складирањето, откривањето, идентификувањето или ширењето на хемиско, биолошко или нуклеарно оружје или други нуклеарни експлозивни направи или за развој, производство, одржување или складирање на проектили способни да испорачуваат такво оружје.

(б) за крајна употреба во воени цели и ако кон земјата на купување или кон земјата на дестинација се применува ембарго за оружје.

За целите на оваа точка „крајна употреба за воени цели" значи:

I. инкорпорирање на воени стоки наведени во воената листа на Република Северна Македонија;

ii. употреба на производствена, тест или аналитичка опрема и нејзини компоненти за развој, производство или одржување на воени стоки наведени во воената листа на Република Северна Македонија; или

iii. употреба на какви било недовршени производи во фабрика за производство на воена стока наведена во воената листа на Република Северна Македонија;

(в) за употреба како делови или компоненти на воени стоки наведени во националната листа на воени стоки кои биле извезени од Република Северна Македонија без дозвола (одобрение) или во спротивност со дозволата (одобрението) пропишано со националното законодавство на Република Северна Македонија.

(2) Доколку извозникот е свесен или има причина да се сомнева, дека стоките со двојна намена што има намера да ги извезе и кои не се наведени во листата на стоки со двојна употреба од член 4 став 1, се наменети, целосно или делумно, за некоја од употребите наведени во став 1 на овој член, тој за тоа ќе го извести министерството за економија кое како надлежен орган одлучува дали е потребна дозвола (одобрение) за тој извоз.

(3) За примената на сеопфатната контрола по став 1 или став 2 на овој член министерството за економија веднаш ја известува Царинската управа и другите релевантни национални органи.

**Член 6**

(1) На предлог на Министерството за економија Владата на Република Северна Македонија може да воведе дозвола (одобрение) за извоз и на стока со двојна употреба која не е наведена во листата на стоки со двојна употреба од член 4 став 1 или пак да го забрани извозот на истата, поради заштита на јавната безбедност, спречување на терористички дела или поради заштита на човековите права.

(2) Доколку Владата на Република Северна Македонија воведе дозвола (одобрение) за извоз на стока со двојна употреба која не е наведена во листата на стоки со двојна употреба од член 4 став 1 или пак го забрани извозот на истата поради заштита на јавната безбедност, спречување на

терористички дела или поради заштита на човековите права, истата со Одлуката ја утврдува и листата на производи за кои дозволата (одобрението) за извоз или забраната за извоз се воведува.

**Член 7**

(1) Дозвола (Одобрение) за извоз на стоки за сајбер надзор кои не се наведени во листата на стоки со двојна употреба од член 4 став 1 на овој закон, се бара ако извозникот бил известен од страна на Министерството за економија дека предметната стока е или може да биде, целосно или делумно, наменета за употреба во врска со внатрешни репресија и/или извршување на сериозно кршење на човековите права и меѓународното хуманитарно право.

(2) Доколку извозникот е свесен, според наодите на неговата длабинската анализа, дека стоките за сајбер надзор што има намера да ги извезе и кои не се наведени во листата на стоки со двојна употреба од член 4 став 1 на овој закон се наменети, целосно или делумно, за некоја од употребите од став 1 на овој член, тој за тоа ќе го извести министерството за економија кое како надлежен орган одлучува дали е потребна дозвола (одобрение) за тој извоз.

(3) Доколку извозникот има причина да се сомнева дека стоките за сајбер надзор кои не се наведени во листата на стоки со двојна употреба од член 4 став 1 на овој закон, се или може да се наменети, целосно или делумно, за некоја од употребите од став 1 на овој член, тој за тоа исто така ќе го извести министерството за економија кое како надлежен орган одлучува дали е потребна дозвола (одобрение) за тој извоз.

(4) За примената на сеопфатната контрола по став 1, 2 или 3 на овој член министерството за економија веднаш ја известува Царинската управа и другите релевантни национални органи.

**Брокерски услуги**

**Член 8**

(1) Дозвола (Одобрение) за вршење на брокерски услуги за стока со двојна употреба наведена во листата на стоки од член 4 став 1 на овој закон се бара ако брокерот бил информиран од страна на Министерството за економија дека таа стока е или би можела, во целост или делумно, да се намени за било која од употребите од член 5 став 1 на овој закон.

(2) Доколку брокерот има намера да обезбеди брокерски услуги за стоки со двојна употреба наведени во листата на стоки со двојна употреба од член 4 став 1 на овој закон и е свесен или има основ да се сомнева дека тие стоки во целост или делумно се или може да се наменети за која било од употребите наведени во член 5 став 1 на овој закон, тој за тоа ќе го извести министерството за економија. Министерството за економија ќе одлучи дали за вршење на таквите брокерски услуги е потребна дозвола (одобрение).

(3) Доколку брокерот има намера да обезбеди брокерски услуги за стоки со двојна употреба кои не се наведени во листата на стоки со двојна употреба од член 4 став 1 на овој закон и е свесен или има основ да се сомнева дека тие стоки во целост или делумно се или може да се наменети за која било од употребите наведени во член 5 став 1 на овој закон, тој за тоа исто така ќе го извести министерството за економија. Министерството за економија ќе одлучи дали за вршење на таквите брокерски услуги е потребна дозвола (одобрение).

(4) Брокерските услуги од ставовите 1, 2 и 3 на овој член може да се вршат само ако министерството издаде дозвола (одобрение) за вршење на брокерски услуги или утврди дека за тие брокерски услуги не е потребна дозвола (одобрение).

**Транзит**

**Член 9**

(1) Министерството за економија по добивање на известување од друг надлежен орган, на предлог на комисијата за контрола на извоз на стоки со двојна употреба од членот 14 на овој закон, може со решение да забрани транзит на стоки и технологии со двојна употреба наведени во Листата на стоки со двојна употреба од членот 4 став 1 на овој закон, ако стоките се или може да се, во целост или делумно наменети, за било која од употребите наведени во членот 5 став 1 на овој закон.

(2) Транзитот на стоки со двојна употреба кои не се наведени во Листата на стоки со двојна употреба од членот 4 став 1 на овој закон, може со Одлука на министерството за економија да се забрани ако стоките се или може да се, во целост или делумно наменети, за било која од употребите наведени во членот 5 став 1 на овој закон.

(3) При одлучувањето за забрана на транзит од ставот (1) или ставот (2) на овој член Министерството ќе ги има предвид обврските и одговорностите кои Република Северна Македонија ги презела како членка на меѓународни договори или како членка на меѓународни режими за не ширење на оружје за масовно уништување, како и критериумите од членот 16 на овој закон.

(4) Пред да го донесе решението за забрана на транзит од ставот 1 или ставот 2 на овој член, Министерството за економија може во посебни случаи на физичкото или правното лице или партнерството кое го има договорот со примачот во друга земја и кое го има овластувањето за испраќање на стоките што минуваат низ царинското подрачје на Република Северна Македонија, да му наметне барање за добивање на дозвола (одобрение) за транзит на стоки со двојна употреба и да пропише услови за издавање на дозволата (одобрението).

(5) Ако физичкото или правното лице или партнерството не е жител или не е основано на царинското подрачје на Република Северна Македонија, министерството за економија може барањето за добивање на дозвола (одобрение) за транзит да му го наметне на:

(а) декларантот во смисла на член 4 став (23) од Царинскиот закон на Република Северна Македонија;

(б) превозникот во смисла на член 109 од Царинскиот закон на Република Северна Македонија; или

(в) физичкото лице кое ги носи стоките со двојна употреба во транзит кога тие стоки со двојна употреба се содржани во личниот багаж на тоа лице.

(6) За забраната на транзитот или за барањето за добивање на дозволата (одобрението) за транзит на стоки со двојна употреба министерството за економија е должно без одлагање во рок од 24 часа да ја извести Царинската управа на Република Северна Македонија.

(7) Министерот за економија ги пропишува условите за издавање на дозволата (одобрението) за одреден транзит на стоки и технологии со двојна употреба, формата и содржината на барањето и дозволата (одобрението) за транзит на стоката со двојна употреба.

**Техничка помош**

**Член 10**

(1) Дозвола (Одобрение) за давање на техничка помош поврзана со стоки со двојна употреба наведени во листата на стоки со двојна употреба од член 4 став 1 на овој закон се бара ако давателот на техничка помош бил информиран од страна на Министерството за економија дека предметните стоки се или би можеле, во целост или делумно, да се наменат за било која од употребите наведени во член 5 став 1 на овој закон.

(2) Дозвола (Одобрение) за давање на техничка помош поврзана со стоки со двојна употреба кои не се наведени во листата на стоки со двојна употреба од член 4 став 1 на овој закон се бара ако давателот на техничка помош бил информиран од страна на Министерството за економија дека предметните стоки се или би можеле, во целост или делумно, да се наменат за било која од употребите наведени во член 5 став 1 на овој закон.

(3) Доколку давателот на техничка помош предлага да обезбеди техничка помош за стоки со двојна употреба наведени во листата на стоки од член 4 став 1 на овој закон и е свесен или има основ да се сомнева дека тие стоки, во целост или делумно, се наменети за која било од употребите наведени во член 5 став 1 на овој закон, давателот на техничка помош ќе го извести министерството за

економија. Министерството за економија ќе одлучи дали таквата техничка помош ќе биде предмет на дозвола (одобрение).

(4) Доколку давателот на техничка помош предлага да обезбеди техничка помош за стоки со двојна употреба ненаведени во листата на стоки од член 4 став 1 на овој закон и е свесен дека тие стоки, во целост или делумно, се наменети за која било од употребите наведени во член 5 став 1 на овој закон, давателот на техничка помош ќе го извести министерството за економија. Министерството за економија ќе одлучи дали таквата техничка помош ќе биде предмет на дозвола (одобрение).

(5) Ставовите 1, 2, 3 и 4 не се применуваат ако давањето на техничката помош:

(а) се дава во рамки на или на територија на земјите членки на ЕУ, земјите членки на ЕФТА, Австралија, Канада, Јапонија, Нов зеланд, Обединето кралство и САД;

(б) има форма на пренос на информации кои се во јавен домен или се основно научно истражување во смисла на Општата технолошка забелешка или Забелешката за нуклеарна технологија наведена во Листата на стоки и технологии со двојна употреба од член 4 став 1 на овој закон;

(в) се дава од страна на надлежните органи или агенции во рамките на нивните надлежности;

(г) се обезбедува за вооружените сили на Република Северна Македонија врз основа на задачите што им се доделени;

(д) е предвидено за цел која е наведена во исклучоците за ставки од Режимот за контрола на ракетната технологија (MTCR технологија) во Анекс IV на регулативата (ЕУ) 821/2021; или

(ѓ) е минимумот неопходен за инсталирање, работење, одржување (проверка) или поправка на предмети за кои е издадено одобрение за извоз.

## III. ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛИ (ОДОБРЕНИЈА) И СЕРТИФИКАТИ

### Надлежен орган

### Член 11

(1) Министерството за економија е надлежен орган за издавање на следните дозволи (одобренија):

а) Дозвола (Одобрение) за извоз на стоки со двојна употреба од член 4, 5, 6 и 7 на овој закон,

б) Дозвола (Одобрение) за вршење на брокерски услуги за стоки со двојна употреба од член 8 на овој закон,

в) Дозвола (Одобрение) за транзит на стоки со двојна употреба од член 9 на овој закон и

г) Дозвола (Одобрение) за давање на техничка помош поврзана со стоки со двојна употреба од член 10 на овој закон.

(2) Министерството за економија е надлежен орган и за издавање на следните сертификати:

(а) Сертификат за краен корисник (End User Certificate),

(б) Меѓународен увозен сертификат за стоки со двојна употреба (International Import Certificate), и

(в) Потврда за прием на стока со двојна употреба (Delivery Verification Certificate).

(3) Дозволите (Одобренијата) од став 1 на овој член и сертификатите од став 2 на овој член се издаваат по поднесено барање, во пропишана форма и содржина, преку електронскиот систем за лиценцирање на стратешки стоки (SGLS-Strategic Goods Licensing System).

(4) Дозволите (Одобренијата) од став 1 на овој член се издаваат врз основа на предлог на Комисијата за контрола на извоз на стоки со двојна употреба и претходно добиена согласност од министерството за надворешни работи, министерството за внатрешни работи и министерството за одбрана.

(5) Министерот за економија со подзаконски акт ја утврдува формата и содржината на дозволите (одобренијата) од став 1 на овој член и сертификатите од став 2 на овој член.

## Член 12

### Барање за издавање на дозвола (одобрение)

(1) Барање за издавање на дозволите (одобренијата) од член 11 став 1 на овој закон се поднесува на пропишан образец (формулар) до министерството за економија. преку електронскиот систем за лиценцирање на стратешки стоки (SGLS-Strategic Goods Licensing System).

(2) Кон барањето од ставот 1 на овој член задолжително се поднесува :

(а) Купопродажен договор во оригинал или копија заверена на нотар;

(б) Оригинална потврда на крајниот корисник за крајната употреба на стоката (End User Certificate) издадена од страна на надлежен орган во земјата на крајниот корисник. Доколку државата на краен корисник не издава потврда на краен корисник за крајната употреба на стоката (End User Certificate), ќе се прифати и изјава на крајниот корисник за крајна употреба (End User Statement), заверена од надлежна институција во земјата на крајниот корисник. Доколку државата на краен корисник не заверува изјави на краен корисник за крајна употреба ќе се прифати и незаверена изјава на краен корисник со поднесување на меѓународен увозен сертификат (International Import Certificate) издаден од страна на надлежен орган во земјата на крајниот корисник. Доколку државата на краен корисник не заверува изјави на краен корисник за крајна употреба и не издава меѓународен увозен сертификат ќе се прифати незаверена изјава на крајниот корисник за крајна употреба (End User Statement);

(в) Јасен опис на стоките, скици, планови и фотографии за нивна идентификација;

(г) Техничка спецификација на стоката, која овозможува класификација на стоката согласно листата на стоки со двојна употреба од член 4 став 1 на овој закон;

(д) Доказ за извршена уплата на административна такса;

(ѓ) За документите од став 2 (а) и 2 (б), се поднесува и заверен превод на македонски јазик од овластен судски преведувач.

(е) За издавање на дозвола (одобрение) за вршење на брокерски услуги и техничка помош во врска со стоки со двојна употреба се доставуваат и детали за локацијата на стоките со двојна употреба, јасен опис и количина на стоките, инволвираните трети страни во трансакцијата, земјата на дестинација, крајниот корисник во таа земја и неговата точна локација.

(3) Министерот за економија со подзаконски акт ја утврдува формата и содржината на барањето од став 1 на овој член.

## Член 13

### Барање за издавање на сертификат за краен корисник, меѓународен увозен сертификат и потврда за прием на стока со двојна употреба

(1) Барање за издавање на сертификат за краен корисник, меѓународен увозен сертификат и потврда за прием на стока со двојна употреба од член 11 став 2 на овој закон се поднесува на пропишан образец (формулар) до министерството за економија. преку електронскиот систем за лиценцирање на стратешки стоки (SGLS-Strategic Goods Licensing System).

(2) Кон барањето од ставот 1 на овој член задолжително се поднесува:

(а) Извод од Централен регистар во кој е запишан подносителот на барањето;

(б) Согласност или одобрение од надлежен орган за набавка, употреба или складирање на хемикалии, радиоактивни материи и експлозивни средства или друга стока која има опасни својства ;

(в) Документи кои упатуваат на квалитетот и техничките карактеристики на стоката (кога се работи за хемиска формула на стуктурата на елементите и регистерски број на сервисот за хемиски состојки CAS);

(г) Оригинал или заверена копија на, односно нарачката;

(д) Изјава од крајниот корисник (End User Statement) за крајната употреба на стоката, со опис, количина и вредност на стоката, назив на извозникот и увозникот, дека стоката нема да се употребува за развој, производство, одржување, складирање, откривање, идентификување или ширење на хемиско, биолошко или нуклеарно оружје, односно за развој, производство, одржување или складирање на проектили способни да испорачуваат такво оружје и дека нема повторно да се извезува без дозвола (одобрение) од Министерството за економија;

(ѓ) Согласност или одобрение од надлежен орган за набавка, употреба или складирање на хемикалии, радиоактивни материи и експлозивни средства или друга стока која има опасни својства; и

(е) Доказ за извршена уплата на административна такса;

(3) Министерот за економија со подзаконски акт ја утврдува формата и содржината на барањето од став 1 на овој член.

**Комисија за контрола на извоз на стоки со двојна употреба**

**Член 14**

(1) Владата на Република Македонија формира Комисија за контрола на извоз на стоки со двојна употреба (во натамошниот текст: Комисија).

(2) Комисијата е составена од седум члена, нивни заменици и секретар, од претставници на органите на државната управа чии надлежности се поврзани со контролата на извозот на стоки и технологии со двојна употреба, и тоа на: Министерството за економија, Министерството за одбрана, Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за национална безбедност Царинската управа на Република Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

(3) Со Комисијата раководи претседател на Комисијата кого го избираат членовите на Комисијата од своите редови.

(4) Комисијата од ставот (1) на овој член ги врши следниве работи:

(а) ги разгледува барањата за издавање на дозволи (одобренија) за извоз, дозволи (одобренија) за транзит, дозволи (одобренија) за давање на брокерски услуги и техничка помош за стоки и технологии со двојна употреба и дава предлог за издавање на дозволата (одобрението) или за одбивање на барањето;

(б) подготвува записник за секој поединечен предмет и записникот со својот предлог го доставува до министерот за економија;

(в) и предлага на Владата на Република Северна Македонија донесување на Одлука за утврдување на Листата на стоки и технологии со двојна употреба;

(г) учествува во надзорот и ја верифицира програмата за внатрешна усогласеност;

(д) дава иницијативи за уредување на прашања од значење за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба, со овој или друг закон;

(ѓ) остварува соработка со надлежни меѓународни институции и тела за прашања од нејзина надлежност;

(е) врши други работи утврдени со овој и друг закон.

5) Комисијата во својата работа води сметка особено за:

а) меѓународните обврски и надворешно политичките интереси на Република Северна Македонија;

б) заштита на безбедносните интереси на Република Северна Македонија;

в) одбранбените интереси на Република Северна Македонија;

г) хемискката, радијациона и нуклеарна безбедност;

д) ограничувањата во трговијата ;

ѓ) крајната употреба на стоките и ризикот од пренасочување.

(6) Комисијата за својата работа донесува деловник.

(7) Административно-техничките работи на Комисијата ги врши Министерството за економија во согласност со актот за организација на работа.

(8) Комисијата еднаш годишно доставува извештај за својата работа до Владата на Република Македонија.

(9) Годишниот извештај вклучува информации за издадените дозволи (одобренија) за извоз, транзит, посредување и техничка помош на стоки со двојна употреба, по видови стоки и по дестинации, за одбиените барања, изменети, укинати и поништени дозволи (одобренија) и за издадени сертификати за краен корисник, меѓународен увозен сертификат и потврда за прием на стока со двојна употреба. Годишниот извештај вклучува и информации за административните капацитети на институците вклучени во извозната контрола на стоки со двојна употреба и на спроведените обуки за јакнење на нивните капацитети. Во поглед на стоките за кибер надзор, годишниот извештај вклучува конкретни информации за издадените дозволи (одобренија), а особено за бројот на примени барања по стока, извозник и дестинациите на кои се однесуваат тие барања, како и за одлуките донесени за тие барања.

**Согласност**

**Член 15**

(1) Министерството е должно пред издавање на дозволата (одобрението) од член 11 став 1 на овој закон да побара мислење односно согласност од Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и Министерството за надворешни работи.

(2) Во случаите кога карактерот на стоката или технологијата со двојна употреба тоа го бара, мислење односно согласност се бара и од Министерството за здравство, Дирекција за радијациона сигурност и Министерството за животна средина и просторно планирање.

(3) Министерствата и органите од ставовите (1) и (2) на овој член треба да го доставaт своето мислење односно согласност во рок од 15 дена од денот кога мислењето е побарано, односно во рок од 30 дена доколку во постапката за давање на мислење е потребно да извршат дополнителни проверки за што го известуваат министерството за економија.

**Исклучоци**

**Член 16**

(1) По исклучок од член 15 став 1 на овој закон, министерството за економија согласност за издавање на дозволата (одобрението) од член 11 став 1 на овој закон бара само од министерството за надворешни работи, кога:

(а) во согласност со интересите на надворешната политика и меѓународните обврски на Република Северна Македонија, извозот или транзитот на стоки со двојна употреба се врши во рамките на билатерални или мултилатерални воени, полициски, специјални или постојани мисии на некомерцијална основа како подршка на:

- резолуциите на Обединетите нации,
- одлуките во рамките на организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ),

- било која друга мировна операција која се спроведува во согласност со принципите на повелбата на Обединетите нации во рамките на меѓународната организација.

(б) се извезува стока заради пружање на помош или донација во хуманитарни цели

(2) Кон барањето за издавање на дозвола (одобрение) за извоз на стока од став 1 на овој член, подносителот на барањето е должен да достави сертификат за краен корисник со кој се потврдува намената на стоката, т.е.одлука од надлежниот орган за приемот или пружањето на хуманитрарна помош или донација.

(3) Министерството за економија во случаите од став 1 и 2 на овој член дозволата (одобрението) ја издава во рок од три дена од приемот на потврдата за краен корисник со која се потврдува намената на стоката, т.е. од одлуката од надлежниот орган за приемот или пружањето на хуманитрарна помош или донација и за истото ги известува министерствата и органите од член 15 став (1) и (2) на овој закон и Царинската управа на Република Северна Македонија

**Критериуми**

**Член 17**

(1) При давањето на мислење министерствата и органите од член 15 став (1) и (2) од овој закон водат сметка за:

а) забраните и санкциите на Советот за безбедност на Обединетите нации и рестриктивните мерки донесени од страна на Владата на Република Северна Македонија;

б) превземените меѓународни обврски и надворешно политички интереси на Република Северна Македонија;

в) заедничкиот став на Советот 2008/944 ЗНБП од 8 декември 2008;

г) принципите за неширење на оружје за масовно уништување;

д) внатрешната состојба во земјата на краен корисник односно постоење на тензии и оружани судири;

ѓ) почитувањето на човековите права и меѓународното хуманитарно право во земјата на крајниот корисник

е) одржувањето на регионалниот мир, безбедност и стабилност;

ж) однесувањето на учесниците во трансакцијата во минатото;

з) можноста за употреба на стоките за внатрешна репресија во земјата на краен корисник;

и) целта на крајна употреба и ризикот од пролиферација;

(2) Доколку некое од Министерствата и органите од член 15 став (1) и (2) од овој закон не даде согласност тоа ќе го образложи во согласност со критериумите од ставот (1) на овој член;

**Дозволи (Одобренија) за извоз**

**Член 18**

Дозволите (Одобренијата) за извоз на стоки со двојна употреба можат да бидат:

(а) индивидуални дозволи (одобренија) за извоз
(б) глобални дозволи (одобренија) за извоз
(в) општи дозволи (одобренија) за извоз и
(г) дозволи (одобренија) за големи проекти

**Индивидуална дозвола (одобрение) за извоз**

**Член 19**

(1) Индивидуалната дозвола (одобрение) за извоз на стоки со двојна употреба се издава за период до 1 година, на еден одреден извозник, за еден одреден краен корисник или примач во друга земја и истата опфаќа една или повеќе видови на стоки со двојна употреба;
(2) На барање на извозникот рокот на важност на дозволата (одобрението) од став (1) на овој член може да се продолжи за уште 1 година;

**Глобална дозвола (одобрение) за извоз**
**Член 20**

(1) Глобалната дозвола (одобрение) за извоз на стоки со двојна употреба се издава за период од 1 година на еден одреден извозник, за еден или повеќе одредени крајни корисници во една или повеќе други земји.
(2) Извозникот кој има глобална дозвола (одобрение) за извоз на стоки со двојна употреба е должен еднаш годишно, најдоцна до 31 јануари во тековната година, да доставува до Министерството за економија извештај за користењето на дозволата (одобрението).
(3) Извештајот од ставот (2) на овој член ги содржи следните податоци:
а) опис на стоките со двојна употреба од глобалната дозвола (одобрение) за извоз;
б) количината и вредноста на извезените стоки со двојна употреба,
в) земја на конечна употреба
(4) При издавањето на глобалната дозвола (одобрение) за извоз на стоки со двојна употреба покрај критериумите утврдени во член 17 од овој закон се има во предвид:
(а) видот на стока за двојна намена,
(б) видот и долгорочноста на извозот,
(в) државата во која таа стока се извезува и
(г) дали извозникот има воспоставено програма за внатрешна усогласеност (Internal Compliance Program- ICP) со која се утврдени правилата на постапување и одговорноста во фирмата и усогласеноста со прописите со кои е уредена оваа област.
(5) На барање на извозниците, глобалните извозни одобренија кои содржат квантитативни ограничувања ќе се разделат.

**Општа дозвола (одобрение) за извоз**

**Член 21**

(1) Општата дозвола (одобрение) за извоз на стоки со двојна употреба се издава за одреден вид или категорија на стока со двојна употреба и за одредени дестинации, на сите извозници кои ги исполнуваат условите и критериумите за нејзино користење, а кои се специфицирани во став 3, 4, 5, 6, 7 и 8 на овој член .
(2) Неколку видови на општа дозвола може да бидат издадени од Владата на Република Северна Македонија:
(а) Општа дозвола (одобрение) за извоз бр. МК 1 за извоз во Европската унија, Австралија, Канада, Јапонија, Нов Зеланд, Норвешка, Швајцатија, вклучувајчи го Лихтенштајн и САД,
(б) Општа дозвола (одобрение) за извоз бр. МК 2 за извоз на одделни стоки со двојна употреба за одделни дестинации,
(в) Општа дозвола (одобрение) за извоз бр. МК 3 за извоз по извршена поправка/замена,
(г) Општа дозвола (одобрение) за извоз бр. МК 4 за привремен извоз за изложба или саем,
(д) Општа дозвола (одобрение) за извоз бр. МК 5 за телекомуникации,
(ѓ) Општа дозвола (одобрение) за извоз бр. МК 6 за хемикалии,
(е) Општа дозвола (одобрение) за извоз бр. МК 7 за интрагрупен извоз на софтвер и технологија и
(ж) Општа дозвола (одобрение) за извоз бр. МК 8 за енкрипција.
(3) Оваа дозвола (одобрение) не одобрува извоз на производи кога:

(а) извозникот бил информиран од министерството за економија дека стоката во прашање е или може да биде наменета, делумно или во целост:
(i) за употреба во врска со со развојот, производството, ракувањето, работењето, одржувањето, складирањето, откривањето, идентификувањето или ширењето на хемиско, биолошко или нуклеарно оружје или други нуклеарни експлозивни направи или за развој, производство, одржување или складирање на проектили способни да испорачуваат такво оружје.
(ii) за крајна употреба во воени цели како што е дефинирано во член 5 став 1 (б) на овој закон во земја кон која се применува ембарго за оружје, или
(iii) за употреба како делови или компоненти на воени стоки наведени во националната листа на воени стоки кои биле извезени од Република Северна Македонија без дозвола (одобрение) или во спротивност со дозволата (одобрението) пропишано со националното законодавство на Република Северна Македонија;
(б) извозникот е свесен дека стоката во прашање е наменета, делумно или во целост, за некоја од употребите наведени во точка (а) на овој став; или
(в) релевантната стока е извезена во слободна царинска зона или слободен склад кој се наоѓа во дестинацијата опфатена со оваа дозвола (одобрение).

(4) Извозникот е должен да го наведе во царинската декларација типот на општата дозвола (одобрение) за извоз дефиниран во став 2 на овој член, под кој стоките се извезуваат.

(5) Извозникот кој користи општа дозвола (одобрение) за извоз на стоки со двојна употреба е должен во рок од 30 дена пред користењето на општата дозвола (одобрение) за извоз да се пријави во министерството за економија, кое во рок од 10 дена ќе му издаде потврда за нејзино користење.

(6) Извозникот кој користи општа дозвола (одобрение) за извоз на стоки со двојна употреба е должен два пати годишно, до 15 јули и 15 јануари, да го извести министерството за економија за извозот и да достави копија од извозната царинска декларација.

(7) Известувањето од ставот 6 на овој член ги содржи следните податоци:
(а) бројот на општата дозвола (одобрение) за извоз на стоки со двојна употреба,
(б) описот на стоката со двојна употреба од општата дозвола (одобрение) за извоз,
(в) количина и вредност, и
(г) земја на крајна употреба.

(8) Дозволата (одобрението) од ставот 1 на овој член се издава на извозникот кој има воспоставено програма за внатрешна усогласеност.

(9) Дозволата (одобрението) од ставот 1 на овој член е со рок на важност од три години.

(10) Министерството за економија може со одлука на извозникот да му забрани или подоцна повторно да му дозволи употреба на општата дозвола (одобрение) за извоз, ако констатира или ако постои основано сомнение дека извозникот не ги исполнува условите на општата дозвола (одобрение) за извоз или пак ги крши прописите во оваа област.

(11) За одлуката од став 10 на овој член, министерството за економија ќе го информира извозникот и членовите на комисијата за контрола на извозот на стоки со двојна употреба преку електронскиот систем.

(12) Владата на Република Северна Македонија, со одлука ги утврдува стоките и дестинациите за секој одделен тип на општа дозвола (одобрение) за извоз од ставот 2 на овој член и ги определува условите и барањата за нејзино користење.

**Дозвола (одобрение) за голем проект**
**Член 22**

(1) Дозволата (одобрението) за голем проект е индивидуална дозвола (одобрение) за извоз или глобална дозвола (одобрение) за извоз на стоки со двојна употреба, доделена на еден одреден извозник, за една или повеќе видови или категории на стоки со двојна употреба, за еден или повеќе одредени крајни корисници во една или повеќе наведени земји, за потребите на одреден голем проект.

(2) Рокот на важност на дозволата (одобрението) од став (1) на овој член не може да биде подолг од 4 години.

**Дозвола (одобрение) за Брокерски услуги**

**Член 23**

(1) Дозвола (одобрение) за вршење на брокерски услуги за стока со двојна употреба е индивидуална дозвола (одобрение) која му се дава на одреден брокер со живеалиште или деловно седиште во Република Северна Македонија за определено количество на одредена стока со двојна употреба за одреден краен корисник или примач во друга земја.
(2) Дозвола (одобрение) за вршење на брокерски услуги за стока со двојна употреба се дава и на одреден брокер кој нема живеалиште или деловно седиште во Република Северна Македонија, ако од царинското подрачје на Република Северна Македонија обезбедува брокерски услуги за одредена стока со двојна употреба за одреден краен корисник или примач во друга земја.
(3) Дозволата (одобрението) за вршење на брокерски услуги се издава за период од 1 година.

**Дозвола (одобрение) за Техничка помош**

**Член 24**

(1) Дозвола (одобрение) за давање на техничка помош во врска со стока со двојна употреба е индивидуална дозвола (одобрение) која му се дава на одреден давател на техничка помош за определено количество на одредена стока со двојна употреба, за одреден краен корисник или примач во друга земја или за резидент на друга земја кој привремено се наоѓа на царинското подрачје на Република Северна Македонија;
(2) Дозволата (одобрението) за давање на техничка помош се издава за период од 1 година.

**Сертификат за краен корисник**

**Член 25**

(1) Сертификат за краен корисник е документ кој му се издава на одреден краен корисник или примач во Република Северна Македонија, со кој се потврдува дека истиот е краен корисник на стоките со двојна употреба, крајната употреба на стоките и дека истите нема да се користат за други цели ниту повторно да се извезат без дозвола (одобрение) од надлежното министерство на државата извозник.
(2) Сертификат за краен корисник од ставот 1 на овој член се издава со рок на важност од 6 месеци од денот на неговото издавање.

**Меѓународен увозен сертификат за стоки со двојна употреба**

**Член 26**

(1) Меѓународен увозен сертификат за стоки со двојна употреба е документ кој му се издава на еден одреден увозник за еден одреден краен корисник или примач во Република Северна Македонија, кој вклучува една или повеќе ставки на стоки со двојна намена.
(2) Меѓународен увозен сертификат за стоки со двојна употреба од ставот 1 на овој член се издава со рок на важност од 6 месеци од денот на неговото издавање.

**Потврда за прием на стока со двојна употреба**

**Член 27**

(1) Потврда за прием на стока со двојна употреба е документ кој му се издава на еден одреден увозник или примач во Република Северна Македонија, со цел да се потврди дека стоката со двојна намена пристигнала до крајната дестинација наведена во документот.
(2) Министерството за економија ја издава потврдата за прием на стока со двојна употреба врз основа на известување од Царинската управа на Република Северна Македонија за извршен увоз и потврда дека стоката со двојна употреба пристигнала на крајната дестинација наведена во документот.

**Рокови за издавање на дозволите (одобренијата) и сертификатите**

**Член 28**

(1) Министерството за економија дозволите (одобренијата) од член 19, 20, 21, 22, 23 и 24 на овој закон ги издава во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето, односно во рок од 10 дена од добивањето на последното мислење/согласност од член 15 став (1), односно член 15 став (2).

(2) Министерството за економија сертификатите од член 25, 25 и 27на овој закон ги издава во рок од 10 дена од денот на поднесувањето на барањето.

(3) Министерството за економија нема да издаде дозвола (одобрение) доколку не добие согласност од сите министерства и органи од ставовите (1) и (2) на член 15 од овој закон, не ги добие сите податоци во барањето до Министерството или кога извозникот или производувачот на барање на Министерството не овозможиле преглед на стоките и технологиите со двојна употреба или со тоа поврзаната документација.

**Измена**

**Член 29**

(1) Министерството може по сопствена иницијатива или на барање на извозникот, брокерот или давателот на техничка помош со решение да ја измени дозволата (одобрението), т.е. да ги корегира податоците во дозволата (одобрението) за кои се воочени очигледни грешки.

(2) Доколку подносителот на барањето бара промена на податоците од дозволата (одобрението) за кои не се воочени грешки, министерството за економија е должно да ги извести надлежните министерства и органи од член 15 став (1) и (2) заради давање на согласност.

**Одбивање**

**Член 30**

Министерството ќе донесе решение со кое ќе го одбие барањето за издавање на дозволата (одобрението) од член 19, 20, 21, 22, 23 или 24 ако:

а) утврди дека нема согласност од сите министерства од член 15 став (1), односно од сите министерства или органи од член 15 став (2),

б) комисијата предложи да се одбие барањето за издавање дозвола (одобрение),

в) стоката не одговара на податоците наведени во барањето,

в) податоците во барањето се непотполни, некомплетни или неточни,

г) не се приложени сите пропишани документи, и

д) е пропуштено да се прикажат сите релевантни факти.

**Укинување**

**Член 31**

Министерот со решение ќе ја укине дозволата (одобрението) од член 19, 20, 21, 22, 23 или 24 од овој закон ако:

а) према државата за која е издадена дозволата (одобрението) се воведат рестриктивни мерки од страна на советот на Обединетите нации, односно од страна ОБСЕ или Европската унија и ако Владата на Република Северна Македонија се придружи кон истите,

б) во државата за која е издадена дозвола (одобрение) дојде до нагло нарушување на безбедноста и стабилноста и

в) се утврди дека еден или повеќе услови врз основа на кои била издадена дозволата (одобрението) не се веќе важечки.

**Одземање**

**Член 32**

Министерот со решение ја одзема дозволата (одобрението) ако:

а) се утврди дека дозволата (одобрението) била издадена врз основа на неточни или непотполни податоци, а подносителот на барањето знаел или би морал да знае дека податоците биле неточни или непотполни,

б) издадената дозвола (одобрение) не се користи за наменетите цели,

в) правното или физичкото лице не постапува во согласност со одредбите на овој закон,

г) правното или физичкото лице го оневозможува спроведувањето на надзорот и

д) се променат околностите или ако се дојде до нови сознанија кои доколку истите ако би постоеле или за нив би се знаело во периодот на разгледување на барањето би довеле до одбивање на барањето.

**Поништување**

**Член 33**

Министерот со решение ја поништува дозволата (одобрението) ако истата била издадена врз основа на лажни искази или прикривање на битни факти.

**Жалба**

**Член 34**

(1) Против решението од членовите 30, 31, 32 и 33 на овој закон извозникот, брокерот и давателот на техничка помош имаат право на жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум дена од приемот на решението.

(2) Жалбата од ставот (1) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

## IV ОБВРСКИ НА ИЗВОЗНИКОТ, БРОКЕРОТ И ДАВАТЕЛОТ НА ТЕХНИЧКА ПОМОШ

**Член 35**

(1) Извозникот, брокерот и давателот на техничка помош кои вршат извоз, посредуваат или даваат техничка помош во врска со стоки и технологии со двојна употреба, се должни:

1) да водат детална евиденција за извршениот извоз на стоки со двојна употреба, дадените брокерски услуги и техничка помош (трговска, финансиска и друга документација) врз основа на која може да се идентификува стоката за двојна употреба, нејзината количина, извозникот, брокерот, давателот на техничка помош, примачот на стоката и крајниот корисник, како и намената на стоката и описот на брокерски услуги и техничка помош кои се дадени;

2) да им овозможат на надлежните органи да приберат информации за секоја нарачка или трансакција која се однесува на извоз на стоки со двојна употреба, давањето на брокерски услуги и техничката помош на стоки со двојна употреба;

3) да ја чуваат документацијата од точка 1) на овој член најмалку пет години од завршувањето на календарската година во која била извршена секоја поединечна извозна трансакција, брокерска услуга или техничка помош на стоки и технологии со двојна употреба;

4) да се придржуваат кон условите и барањата утврдени во дозволата;

5) писмено да го известат министерството за економија најдоцна во рок од 15 дена по извршениот извоз, дадените брокерски услуги или техничка помош како и да го наведат бројот на дозволата (одобрението) врз основа на која е реализиран извозот, брокерските услуги или техничката помош;

6) да ја вратат дозволата (одобрението) во министерството за економија ако по истата не се изврши извоз, или не се даде брокерска услуга или техничка помош, во рок од 15 дена од денот на истекувањето на периодот на важност на дозволата (одобрението).

7) на барање на министерството за економија во рок од 120 дена од денот на извоз на стоките со двојна употреба да достави потврда за прием на стоката со двојна употреба (Delivery Verification Certificate) заверена од надлежната институција на државата на крајно одредиште, ако таа држава има прописи за издавање на таква потврда;

8) за секоја промена во условите на вршење на извоз на стоки и технологии со двојна употреба во рок од 15 дена од настанатата промена во писмена форма да го известат Министерството за економија;

(2) Составен дел на евиденцијата од став 1 алинеја 1 се комерцијалните документи: царинските декларации, фактурите, испратниците, приемниците, товарните листови за сите видови превоз и секаква друга документација која е поврзана со стоките и технологиите со двојна употреба врз основа на која може да се идентификува стоката за двојна употреба, нејзината количина, извозникот, брокерот, давателот на техничка помош, примачот на стоката и крајниот корисник, како и намената на стоката и описот на брокерски услуги и техничка помош кои се дадени;

**Програма за внатрешна усогласеност**

**Член 36**

Извозникот кој сака да добие глобална дозвола (одобрение) за извоз или општа дозвола (одобрение) за извоз на стоки со двојна употреба има обврска да воспостави Програма за внатрешна усогласеност, т.е. да усвои постојани ефективни, соодветни и пропорционални политики и процедури, за да се овозможи усогласеност со одредбите и целите на овој закон и со условите за добивање на лиценците спроведени во согласност со овој закон, вклучувајќи, меѓу другото, размислувања за мерките кои ги проценуваат ризиците поврзани со извозот на стоки до крајните корисници и крајните употреби;

## V. ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО И НА ДРУГИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА

**Водење на евиденција**

**Член 37**

Министерството за економија како овластен орган за издавање на дозволите (одобренијат) и сертификатите по овој закон, во електронскиот систем за лиценцирање на стратешки стоки (SGLS-Strategic Goods Licensing System), во електронска форма води евиденција за:

(а) издадените дозволи (одобренија) во согласност со член 11 став 1 на овој закон
(б) издадените сертификати во согласност со член 11 став 2 на овој закон
(в) реализираните дозволи (одобренија)
( г) изменетите дозволи (одобренија) во согласност со член 29 на овој закон
(д) одбиените барања во согласност со член 30 на овој закон
(ѓ) укинатите дозволи во согласност со член 31 на овој закон
(е) одземените дозволи (одобренија) во согласност со член 32 на овој закон

(ж) поништените дозволи (одобренија) во согласност со член 33 на овој закон

(2) Евиденцијата од став (1) на овој член, министерството ја чува најмалку 10 години по истекот на рокот на важност на дозволата (одобрението).

(3) Министерството за економија подготвува годишен извештај за реализација на извозот на стоки со двојна употреба, давање на брокерски услуги и техничка помош во врска со стоки со двојна употреба, вклучувајќи и податоци за транзит, кој е составен дел на Извештајот за работа на Комисија за контрола на извоз на стоки со двојна употреба и истиот го доставува до Владата на Република Северна Македонија.

**Програмата за внатрешна усогласенот**

**Член 38**

(1) Министерството за економија ги пропишува насоките за изработка на Програмата за внатрешна усогласенот, нејзината поблиска содржина и методологијата за нејзината изработка.

(2) Министерот за економија со подзаконски акт ги утврдува основните елементи кои мора да ги содржи Програмата за внатрешна усогласеност;

(3) Министерството за економија (Комисијата за контрола на извозот на стоки со двојна употреба) е должно да врши ревизија на ускладеноста на програмата за внатрешна усогласеност на извозникот со овој закон и може да му наложи на извозникот евентуални измени на истата.

**Соработка**

**Член 39**

(1) За успешно спроведување на овој закон Министерството за економија секогаш кога тоа е соодветно воспоставува редовна и реципрочна соработка со Европската комисија, земјите од Западен Балкан и со други земји во светот, по пат на која се разменуваат информации и најдобри практики, се градат капацитети и директни контакти помеѓу лицата кои ги спроведуваат извозните контроли.

(2) Административната соработка со Европската комисија, Министерството за економија ја остварува преку воспоставен дијалог за извозна контрола помеѓу Европската комисија и земјите од Западен Балкан преку кој редовно, еднаш годишно, ја известува Европската комисија за:

- донесените и изменети законски и подзаконски акти за спроведувањето на контролата на извозот, транзитот, посредувањето и давањето на техничка помош на стоки со двојна употреба,
- за издадените дозволи (одобренија) за извоз, транзит, посредување и техничка помош на стоки со двојна употреба,
- за издадените сертификати за краен корисник, меѓународен увозен сертификат и потврда за прием на стока со двојна употреба,
- за одбиените барања,
- за соработката со индустријата и академијата,
- за бројот на оператори кои имаат воспоставено програма за внатрешна усогласеност.

**Надзор**

**Член 40**

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши Министерството за економија.

(2) Спроведувањето на надзорот врз основа на овој закон вклучува:

(а) надзор пред, надзор во текот и надзор по издавањето на дозволата (одобрението) за извоз, дозволата (одобрението) за брокеринг или дозволата (одобрението) за давање на техничка помош во врска со стоки со двојна употреба, и

(б) надзор на усклađеноста на Програмата за внатрешна усогласеност кај правните лица кои имаат воспоставено таква програма.

(3) Надзорот од ставот 2 на овој член Министерството за економија го врши преку овластени службеници во согласност со законот;

(4) Надзорот од став 2 (а) на овој член Министерството за економија го врши во соработка со Царинската управа на Република Северна Македонија, Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи, а по потреба и во зависност од видот и намената на стоките со двојна употреба и со други органи;

(5) Надзорот од став 2 (б) на овој член Министерството за економија го врши преку Комисија за контрола на извоз на стоки со двојна употреба;

(6) Надзор над активностите на извоз на стоки и технологии со двојна употреба, давање на брокерски услуги и техничка помош во врска со стоки и технологии со двојна употреба врши Царинската управа на Република Северна Македонија.

(7) Царинската управа на Република Северна Македонија при вршењето на формалностите за извоз на стоки со двојна употреба, ја прифаќа царинската декларација за извоз, давање на брокерски услуги или техничка помош во врска со стоки со двојна употреба, само кога подносителот за истата поднесе соодветна дозвола (одобрение) согласно член 12 став 1 на овој закон. При тоа задолжително се контролира усклaденоста на стоката со двојна употреба наведена во пријавата со поднесената дозвола (одобрение).

(8) При вршење на надзорот од ставот (6) на овој член царинските службеници имаат право:

а) да бараат од извозникот, брокерот и давателот на техничка помош информации и податоци потребни за вршење на надзорот и превод на сите документи што се доставени,

б) да бараат мислења од други соодветни органи и институции во земјата,

в) да вршат контрола на секој поединечен извоз на стоки со двојна употреба, како и проверка на податоците за стоките со двојна употреба со податоците од издадената дозвола (одобрение) за извоз во согласност со царинските прописи,

г) да вршат увид на стоките со двојна употреба на царинските терминали и во складиштата во согласност со царинските прописи,

д) да влегуваат во деловните простории на лицата вклучени во извозот, брокерингот или давањето на техничка помош, во врска со стоки со двојна употреба,

ѓ) да доставуваат барања до соодветните надлежни институции на други земји за обезбедување на информации потребни за контролата и

е) да даваат информации по барања на истражни органи од други земји во согласност со меѓународните обврски на Република Македонија.

(9) При вршење на надзорот од ставот (6) царинските службеници имаат право да ја суспендираат постапката за извоз на стоки со двојна употреба за кои има или нема важечка дозвола (одобрение) за извоз, ако имаат основано сомнение дека:

(а) при доделување на дозволата (одобрението) не се земени предвид сите соодветни информации; или ако

(б) околностите се битно променети по доделувањето на дозволата (одобрението);

(10) Во случаите од ставот (9) на овој член, Царинската управа без одлагање се консултира со Министерството за економија за да може истото да преземе мерки согласно член 5 став 1 или членовите 29, 30, 31, 32 и 33 од овој закон.

**Транспарентност**

**Член 41**

Министерството за економија, на правните и физичките лица кои вршат извоз, транзит, посредување и техничка помош на стоки со двојна употреба им дава на располагање информации, насоки и препораки за најдобри пракси со цел да се обезбеди ефикасност на режимот на контрола на извозот на Република Северна Македонија и доследност во неговата примена.

**Член 42**

Надлежен орган за изрекување на прекршоци од овој закон е надлежниот суд.

**Доверливост**

**Член 43**

Податоците, информациите, документацијата, како и други материјали кои се прибавени врз основа на овој закон, можат да се употребат само за намените предвидени со овој закон. Податоците прибавени во врска со барањето за издавање дозвола (одобрение) за извоз кои се однесуваат на вредноста на извозните работи и со нив поврзаната количина на стоките и технологиите, претставуваат класифицирани информации со степен на доверливост определен со закон.

## VI ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 44**

(1) Глоба во износ од 5% од приходот на правното лице остварен во претходната фискална година за прекршок ќе му се изрече на правното лице ако:

- врши извоз на стоки со двојна употреба без дозвола (одобрение) за извоз (член 4 став (1), член 5 став (1), член 6 став (3) и член 7 став (1) на овој закон);
- дава брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба без дозвола (одобрение) за вршење на брокерски услуги (член 8 став (1) на овој закон);
- дава техничка помош во врска со стоки и технологии со двојна употреба без дозвола (одобрение) за давање на техничка помош (член 10 став (1) на овој закон) и
- не го извести министерството за економија дека станува збор за стока со двојна употреба (член 5 став (2), член 7 став (2), член 8 став (2) и член 10 став (2) на овој закон).

(2) Глоба во износ од 2000 до 2500 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 2500 до 3000 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 3000 до 4000 евра за средни трговци и од 4000 до 5000 евра во денарска противвредност за големи трговци, ќе му биде изречена на одговорното лице во правното лице, за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 1000 до 2000 евра во денарска против вредност ќе му биде изречена на физичкото лице, за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(4) За дејствијата од став (1) алинеја 1 на овој член на правното, односно на физичкото лице ќе му се изрече и посебна прекршочна санкција одземање на предмети - стоки.

(5) Покрај глобата од ставот (2) на овој член, на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење на должност во траење од три месеци до една година.

(6) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење одделна дејност во траење од три месеци до една година.

**Член 45**

(1) Глоба во износ од 2% од приходите на правното лице остварен во претходната фискална година за прекршок ќе му се изрече на правно лицето ако:

- не достави извештај до министерството за економија за користење на општата дозвола (одобрение) за извоз (член 21 став 4);
- не се придржува кон забраната за употреба на општата дозвола (одобрение) за извоз (член 21 став 6);
- постапува спротивно на обврските наведени во сертификатот за краен корисник (член 25) и меѓународниот увозен сертификат (член 26);
- не води евиденција за извршениот извоз на стоки со двојна употреба, дадените брокерски услуги и техничка помош (член 35 став 1 алинеја 1);
- не им овозможат на надлежните органи да приберат информации за секоја нарачка или трансакција која се однесува на извоз стоки со двојна употреба, давањето на брокерски услуги и техничката помош на стоки со двојна употреба (член 35 став 1 алинеја 2);
- не ја чуваат документацијата од член 35 став 1 алинеја 1 најмалку пет години од завршувањето на календарската година во која била извршена секоја поединечна извозна трансакција, брокерска услуга или техничка помош на стоки и технологии со двојна употреба( член 35 став 1 алинеја 3);
- не се придржуваат кон условите и барањата утврдени во дозволата (одобрението)( член 35 став 1 алинеја 4);
- не го известат министерството за економија најдоцна во рок од 15 дена по извршениот извоз, дадените брокерски услуги или техничка помош ( член 35 став 1 алинеја 5);
- не ја врати дозволата (одобрението) во министерството за економија ако по истата не се изврши извоз, или не се даде брокерска услуга или техничка помош, во рок од 15 дена од денот на истекувањето на периодот на важност на дозволата (одобрението) ( член 35 став 1 алинеја 6);
- не достави потврда за прием на стоката со двојна употреба (Delivery Verification Certificate) заверена од надлежната институција на државата на крајно одредиште, ако таа држава има прописи за издавање на таква потврда ( член 35 став 1 алинеја 7);
- не го извести Министерството за економија за секоја промена во условите на вршење на извоз на стоки и технологии со двојна употреба во рок од 15 дена од настанатата промена ( член 35 став 1 алинеја 8).

(2) Глоба во износ од 1500 до 2000 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 2000 до 2500 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 2500 до 3000 евра за средни трговци и од 3000 до 4000 евра во денарска противвредност за големи трговци, ќе му биде изречена на одговорното лице во правното лице, за дејствијата од ставот (1) на овој член.

**Член 46**

(1) За прекршоците на правното лице утврдени во член 45 став (2) и (3) и член 46 став (2) од овој закон, царинскиот службеник пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка ќе спроведе постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог.

(2) Кога царинскиот службеник, ќе констатира прекршок од ставот (1) на овој член составува записник во кој се забележуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот и лицата затекнати на самото место. Записникот го потпишува овластеното службено лице и сторителот. Доколку сторителот го признае прекршокот

царинскиот службеник ќе му издаде прекршочен платен налог заради наплата на глобата за прекршокот.

(3) По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог, сторителот на прекршокот е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог, на сметката означена во платниот налог.

(4) Сторителот на прекршокот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот (3) на овој член, ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.

(5) Ако сторителот на прекршокот не ја плати глобата во рокот од ставот (3) на овој член, за прекршоците утврдени во член 45 став (2) и (3) и член 46 став (2) од овој закон, царинскиот службеник поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

(6) Царинските службеници се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(7) Во евиденцијата од ставот (6) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

8) Личните податоци од ставот (7) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(9) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува министерот за економија.

**Член 47**

Одмерувањето на висината на глобата на правното лице и физичкото лице се врши согласно со Законот за прекршоци.

## VII ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Издадени дозволи (одобренија) и сертификати за краен корисник**

**Член 48**

(1) Дозволите (одобренијата) за извоз на стоки и технологии со двојна употреба и сертификатите за краен корисник издадени врз основ на Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/05, можат да се користат во роковите утврдени во тие акти.

(2) Започнатите постапки за добивање на дозволи (одобренија) за извоз и сертификати за краен корисник до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Рок за донесување на подзаконските акти**

**Член 49**

(1) Подзаконските акти од член 9 став 7, член 11 став 5, член 12 став 3, член 13 став 3, член 38 став 2 и член 46 став 9 на овој закон, министерот за економија ќе ги донесе во рок од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

(2) Подзаконските акти од член 4 став 2 и член 4 став 4 на овој закон, Владата на Република Северна Македонија ќе ги донесе во рок од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

(3) Деловникот од член 14 став 6 на овој закон, комисијата од член 14 на овој закон, ќе го донесе во рок од од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

(4) По влегувањето во сила на подзаконскиот акт од ставот (1) на овој член истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Министерството за економија.

**Примена на прописите**

**Член 50**

До стапувањето во сила на прописите од член 49 став (1) и (2) на овој закон остануваат во сила:

- Правилник за формата и содржината на сертификатот за краен корисник при увоз на стоки и технологии со двојна употреба(„Службен весник на Република Македонија" бр.31/06);
- Правилник за формата и содржината на обрасците на барањето за издавање на дозвола за извоз и на дозволата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба („Службен весник на Република Македонија" бр.111/11)
- Правилник за формата и содржината на обрасците на барањето за издавање на дозвола за брокерски услуги и на дозволата за брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба („Службен весник на Република Македонија" бр.111/11)
- Правилник за постапката за издавање на дозвола за транзит на стоки и технологии со двојна употреба и формата и содржината на барањето и дозволата за транзит на стоки и технологии со двојна употреба („Службен весник на Република Македонија" бр.111/11) и
- Правилник за формата и содржината на прекршочниот платен налог („Службен весник на Република Македонија" бр.76/18) и
- Одлуката за утврдување на листата на стоки со двојна употреба („Службен весник на Република Македонија" бр.121/23).

**Престанок на важење на прописите**

**Член 51**

Со денот на влегување во сила на овој закон престанува да важи Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба („ Службен весник на Република Македонија" бр.82/05, 84/07, 158/10, 136/11, 199/14, 192/15 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/21 ).

**Влегување во сила**

**Член 52**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ

I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ

Со членот 1 од Предлог законот се дефинира предметот на уредување на законот.

Со членот 2 од Предлог законот се дефинираат одделните изрази употребени во законот.

Со членот 3 од Предлог законот се дефинира целта на законот.

Со членовите 4, 5, 6 и 7, 8, 9 и 10 од Предлог законот се утврдува подрачјето на примена на законот.

Имено со членот 4 од Предлог законот се утврдува дека извозот на стоката со двојна употреба утврдена во „Листата на стоки и технологии со двојна употреба“ се врши врз основа на дозвола за извоз. Со овој член и се дава овластување на Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерството за економија да ја утврди, односно редовно да ја менува и ажурира Листата на стоки со двојна употреба во согласност со измените на Листата на стоки со двојна употреба на ЕУ, како и да ги утврди и менува стоките и дестинациите за одделните видови на општа дозвола за извоз и дополнителните услови и барања за нивно користење.

Со членот 5 од Предлог законот се утврдува дека извозот на стока со двојна употреба која не е наведена во листата на стоки со двојна употреба, исто така се врши врз основа на дозвола за извоз, кога извозникот е известен од страна на Министерството за економија, како и кога извозникот е свесен или има причина да се сомнева дека таа стока би можела, во целост или делумно, да се намени:

(а) за употреба во врска со развојот, производството, ракувањето, работењето, одржувањето, складирањето, откривањето, идентификувањето или ширењето на хемиско, биолошко или нуклеарно оружје или други нуклеарни експлозивни направи или за развој, производство, одржување или складирање на проектили способни да испорачуваат такво оружје;
(б) за крајна употреба во воени цели и ако кон земјата на купување или кон земјата на дестинација се применува ембарго за оружје ;
(в) за употреба како делови или компоненти на воени стоки наведени во националната листа на воени стоки кои биле извезени од Република Северна Македонија без дозвола (одобрение) или во спротивност со дозволата (одобрението) пропишано со националното законодавство на Република Северна Македонија.

Со членот 6 од Предлог законот и се дава овластување на Владата на Република Северна Македонија да може да воведе дозвола за извоз на стока со двојна употреба која не е наведена во листата на стоки со двојна употреба или пак да го забрани извозот на истата, поради заштита на јавната безбедност, спречување на терористички дела или поради заштита на човековите права. При тоа Владата на Република Северна Македонија со Одлуката ја утврдува и листата на производи за кои дозволата за извоз или забраната за извоз се воведува.

Со членот 7 од Предлог законот се утврдува дозвола за извоз на стоки за сајбер надзор кои не се наведени во листата на стоки со двојна употреба, кога извозникот бил известен од страна на Министерството за економија, како и кога извозникот е свесен или има причина да се сомнева дека предметната стока е или може да биде, целосно или делумно, наменета за употреба во врска со внатрешни репресија и/или извршување на сериозно кршење на човековите права и меѓународното хуманитарно право.

Со членот 8 од Предлог законот се утврдува дозвола за вршење на брокерски услуги за стока со двојна употреба наведена во листата на стоки со двојна употреба, кога брокерот бил информиран од страна на Министерството за економија, како и кога брокерот е свесен или има основ да се сомнева дека таа стока е или би можела, во целост или делумно, да се намени за било која од употребите од член 5 став

1 на овој закон. За вршење на брокерски услуги за стока со двојна употреба која не е наведена во листата на стоки со двојна употреба, кога брокерот е свесен или има основ да се сомнева дека таа стока е или би можела, во целост или делумно, да се намени за било која од употребите од член 5 став 1 на Предлог законот, брокерот има обврска да го извести министерството за економија кое ќе одлучи дали за вршење на таквите брокерски услуги е потребна дозвола.

Со членот 9 од Предлог законот му се дава овластување на Министерството за економија економија по добивање на известување од друг надлежен орган да може да пропише дозвола за транзит и да пропише услови за нејзино издавање или пак да забрани транзит на стоки и технологии со двојна употреба кога стоките се или може да се, во целост или делумно наменети, за било која од употребите наведени во членот 5 став 1 на овој закон. Со членот се утврдуваат обврските и критериумите кои министерството за економија треба да ги има во предвид при одлучувањето за забраната на транзит, се дефинираат физичките лица и партнерства кон кои се наметнува барањето за добивање на дозвола за транзит и се утврдува обврска за министерството за економија, за забраната на транзитот или за барањето за добивање на дозвола за транзит, без одлагање во рок од 24 часа да ја извести Царинската управа на Република Северна Македонија. Со членот се овластува министерот за економија да ги пропише условите за издавање на дозволата за одреден транзит на стоки и технологии со двојна употреба, и формата и содржината на барањето и дозволата за транзит на стоката со двојна употреба.

Со членот 10 од Предлог законот се утврдува дозвола за давање на техничка помош поврзана со стоки со двојна употреба **од и вон** листата на стоки со двојна употреба кога давателот на техничка помош бил информиран од страна на Министерството за економија дека предметните стоки се или би можеле, во целост или делумно, да се наменат за било која од употребите наведени во член 5 став 1 на овој закон. Со членот се утврдува обврска за давателот на техничка помош да го извести министерството за економија во случаите кога давателот на техничка помош е свесен или има основ да се сомнева дека стоките со двојна употреба за кои предлага да обезбеди техничка помош, во целост или делумно, се наменети за која било од употребите наведени во член 5 став 1 на овој закон, а министерството за економија да одлучи дали таквата техничка помош ќе биде предмет на дозвола. Со членот се утврдени исклучоците за кои нема да се применува дозволата за давање на техничка помош поврзана со стоки со двојна употреба.

Со членот 11 од Предлог законот се утврдува Министерството за економија како надлежен орган за издавање на дозволите за извоз и транзит на стоки со двојна употреба, дозволите за вршење на брокерски услуги за стоки со двојна употреба, дозволите за давање на техничка помош поврзана со стоки со двојна и сертификатите за краен корисник (End User Certificate), меѓународен увозен сертификат за стоки со двојна употреба (International Import Certificate), и потврда за прием на стока со двојна употреба (Delivery Verification Certificate). Со членот се утврдува дека дозволите и сертификатите се издаваат по поднесено барање, во пропишана форма и содржина, преку електронскиот систем за лиценцирање на стратешки стоки, врз основа на предлог на Комисијата за контрола на извоз на стоки со двојна употреба и претходно добиена согласност од министерството за надворешни работи, министерството за внатрешни работи и министерството за одбрана. Со членот се овластува министерот за економија со подзаконски акт да ја утврди формата и содржината на дозволите и сертификатите.

Со членот 11 од Предлог законот се предвидува министерството за економија да ги пропише барањето, документацијата која се поднесува во прилог на барањето, како и формата и содржината на одделните видови дозволи.

Со членот 12 од Предлог законот се утврдува начинот и формата на доставување на барањето за издавање на дозвола и пропратните документи кои се доставуваат во прилог кон барањето. Со членот се овластува министерот за економија со подзаконски акт да ја утврди формата и содржината на барањето.

Со членот 13 од Предлог законот се утврдува начинот и формата на доставување на барањето за издавање на сертификат за краен корисник, меѓународен увозен сертификат и потврда за прием на

стока со двојна употреба и пропратните документи кои се доставуваат во прилог кон барањето. Со членот се овластува министерот за економија со подзаконски акт да ја утврди формата и содржината на барањето.

Со членот 14 од Предлог законот се утврдува Комисијата за контрола на извоз на стоки со двојна употреба и нејзиниот состав и задачи, работите за кои води сметка, обврската на комисијата еднаш годишно да доставува извештај за својата работа до Владата на Република Македонија, како и содржината на годишниот извештај.

Со членот 15 од Предлог законот се предвидува Министерството за економија задолжително да побара мислење за издавање на дозволата од Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и Министерството за надворешни работи, а во случаите кога карактерот на стоката или технологијата со двојна употреба тоа го бара, мислење односно согласност да се побара и од Министерството за здравство, Дирекција за радијациона сигурност и Министерството за животна средина и просторно планирање. Со членот се утврдува и рокот во кој институциите треба да го достават мислењето.

Со членот 16 од Предлог законот се утврдени исклучоците за кои министерството за економија согласност за издавање на дозвола за извоз, посредување и техничка помош во врска со стоки со двојна употреба бара само од министерството за надворешни работи, како и сертификатот за краен корисник, т.е. одлуката од надлежниот орган за приемот или пружањето на хуманитрарна помош или донација кои треба да се достават кон барањето. Со членот се утврдува и рокот во кој министерствто за економија ја издава дозволата.

Со членот 17 од Предлог законот се утврдени критериумите кои министерствата и органите ги користат при давањето на мислењата.

Со членот 18, 19, 20, 21 од Предлог законот се утврдени видовите на дозволи за извоз. Индивидуалната дозвола за извоз на стоки со двојна употреба и нејзиниот рок на важност се пропишани со членот 19. Глобалната дозвола за извоз на стоки со двојна употреба и нејзиниот рок на важност се пропишани со членот 20. Со членот 20 е пропишана обврска за извозникот кој има глобална дозвола за извоз на стоки со двојна употреба да доставува годишен извештај за користење на дозволата, пропишана е содржината на извештајот и работите и критериумите кои треба да се имаат во предвид при нејзиното издавање. Со членот 21 се пропишани општата дозвола за извоз, видовите на општа дозвола за извоз, условите и критериумите за нејзино користење и рокот за кој истата се издава. Со членот се овластува министерството за економија да може да му забрани или подоцна повторно да му дозволи на извозникот употреба на општата дозвола за извоз во случај да констатира, или ако постои основано сомнение дека извозникот не ги исполнува условите на општата дозвола за извоз, или пак ги крши прописите во оваа област. Со членот се овластува Владата на Република Северна Македонија, со одлука да ги утврди стоките и дестинациите за секој одделен тип на општа дозвола за извоз и да ги определи условите и барањата за нејзино користење. Дозволата за голем проект и нејзиниот рок на важност се пропишани со членот 22.

Со членот 23 од предлог законот се пропишани дозволата за вршење на брокерски услуги за стока со двојна употреба и нејзиниот рок на важност, а со членот 24 од предлог законот дозволата за давање на техничка помош во врска со стока со двојна употреба и нејзиниот рок на важност.

Сертификатот за краен корисник и неговиот рок на важност се пропишани со членот 25, Меѓународниот увозен сертификат за стоки со двојна употреба и неговиот рок на важност со членот 26, а Потврдата за прием на стока со двојна употреба со членот 27.

Со членот 28 од Предлог законот се утврдени роковите за издавање на дозволите и сертификатите.

Со членот 29, 30, 31, 32 и 33 од Предлог законот се утврдуваат случаите во кои ќе се одбие барањето за издавање на дозвола и измени, укине, одземе и поништи дозволата.

Со членот 34 од Предлог законот се утврдува правото на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен по решенијата на министерството за економија.

Со членот 35 од Предлогот на закон се утврдуваат обврските на извозникот, брокерот и давателот на техничка помош кои вршат извоз, посредуваат или даваат техничка помош во врска со стоки и технологии со двојна употреба, како што се:

1) водењето на детална евиденција за извршениот извоз на стоки со двојна употреба, дадените брокерски услуги и техничка помош;
2) овозможувањето на надлежните органи да приберат информации за секоја нарачка или трансакција која се однесува на извоз на стоки со двојна употреба, давањето на брокерски услуги и техничката помош на стоки со двојна употреба;
3) чувањето на документацијата најмалку пет години од завршувањето на календарската година во која била извршена секоја поединечна извозна трансакција, брокерска услуга или техничка помош на стоки и технологии со двојна употреба;
4) придржувањето кон условите и барањата утврдени во дозволата;
5) за писмено известување на министерството за економија најдоцна во рок од 15 дена по извршениот извоз, дадените брокерски услуги или техничка помош како и да го наведат бројот на дозволата (одобрението) врз основа на која е реализиран извозот, брокерските услуги или техничката помош;
6) за враќање на дозволата во министерството за економија ако по истата не се изврши извоз, или не се даде брокерска услуга или техничка помош, во рок од 15 дена од денот на истекувањето на периодот на важност на дозволата.
7) на барање на министерството за економија во рок од 120 дена од денот на извоз на стоките со двојна употреба да достават потврда за прием на стоката со двојна употреба (Delivery Verification Certificate) заверена од надлежната институција на државата на крајно одредиште, ако таа држава има прописи за издавање на таква потврда;
8) да го известат Министерството за економија за секоја промена во условите на вршење на извоз на стоки и технологии со двојна употреба во рок од 15 дена од настанатата промена во писмена форма;

Со членот се дефинира што се се смета за составен дел на евиденцијата.

Со членот 36 од Предлогот на закон се утврдува обврска за воспоставување на програма за внатрешна усогласеност за извозникот кој сака да добие глобална дозвола за извоз и општа дозвола за извоз на стоки со двојна употреба.

Со членот 37 од Предлогот на закон се утврдува обврска за Министерството за економија како овластен орган за издавање на дозволите и сертификатите по овој закон, во електронскиот систем за лиценцирање на стратешки стоки (SGLS-Strategic Goods Licensing System), во електронска форма води евиденција за: издадени дозволи, издадени сертификати, реализирани дозволи, изменети дозволи, одбиени барања, укинати дозволи,одземени и поништени дозволи. Со членот се утврдува рокот за чување на евиденцијата, како и обврската на министерството за економија да подготвува годишен извештај за реализација на извозот на стоки со двојна употреба вклучувајќи и податоци за транзит, давање на брокерски услуги и техничка помош во врска со стоки со двојна употреба, кој е составен дел на Извештајот за работа на Комисија за контрола на извоз на стоки со двојна употреба и истиот да го доставува до Владата на Република Северна Македонија.

Со членот 38 од Предлогот на закон се утврдува обврска за Министерството за економија да пропише насоки за изработка на Програмата за внатрешна усогласенот, нејзината поблиска содржина и методологијата за нејзината изработка и да ги утврди основните елементи кои мора да ги содржи Програмата за внатрешна усогласеност. Со членот се утврдува обврска за Министерството за економија односно за (Комисијата за контрола на извозот на стоки со двојна употреба) да врши ревизијата на усклaденоста на програмата за внатрешна усогласеност на извозникот и да му наложи на извозникот евентуални измени на истата.

Со членот 39 од Предлогот на закон се уредува начинот и опфатот на соработката на Министерството за економија со Европската комисија, земјите од Западен Балкан и со други земји во светот.

Со членот 40 од Предлогот на закон се уредува надзорот над спроведувањето на одредбите од овој закон, инспекцискиот надзор и правата на царинските службеници при вршење на инспекцискиот надзор.

Членот 41 од Предлогот на закон се однесува на транспарентноста, т.е. информациите, насоките и препораките за најдобри пракси кои треба да ги обезбеди Министерството за економија со цел да се обезбеди ефикасност на режимот на контрола на извозот на Република Северна Македонија и доследност во неговата примена.

Со членот 42 од Предлогот на закон се утврдува надлежниот орган за изрекување на прекршоци по овој закон.

Членот 43 од Предлогот на закон се однесува на доверливоста на податоците, информациите, документацијата, како и други материјали кои се прибавени врз основа на законот и нивната употреба.

Со членовите 44, 45, 46 и 47 од Предлог законот се уредени глобите за прекршоците по овој закон за правни лица, одговорни лица во правни лица и физички лица.

Со членот 48 се утврдува преодниот рок за издадените дозволи и за започнатите постапки пред влегувањето во сила на овој закон.

Со членот 49 од Предлог законот се уредени глобите за прекршоците по овој закон за правни лица, одговорни лица во правни лица и физички лица.

Со членот 50 од Предлог законот се утврдува примена на постојните прописи до стапувањето во сила на новите подзаконски акти.

Со членот 51 од Предлог законот се утврдува преодна одредба за престанок на важност на постојнио закон за Контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба.

Членот 52 се однесува на стапувањето во сила на овој закон .

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и како такви прават правна целина и се применливи.

## III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се унапреди законската и институционална рамка на системот на контрола на извозот на стоки со двојна употреба, со што се придонесува на непролиферацијата на оружје за масовно уништување во светот, борбата против тероризмот и глобалната и регионална безбедност.

Со воведувањето на глобалните и општите дозволи за извоз и дозволите за големи проекти ќе се прилагодат условите за лиценцирање на специфичните потреби на индустријата, ќе се намали административниот товар на бизнисите, особено на малите и средните претпријатија, и ќе се обезбеди соодветно ниво на контрола врз релевантните стоки до релевантните дестинации. За користење на

глобалните и општите дозволи за извоз, извозниците, брокерите и давателите на техничка помош ќе треба да воспостават своја програма за внатрешна усогласеност со која ќе развијат систематски пристап за усогласување со барањата за контрола на извозот на стоки со двојна употреба.

Воспоставувањето на програма за внатрешна усогласеност е потребно бидејќи индустријата е првата линија на одбрана и е во најдобра позиција да ги оценува стоките, клиентите и трансакциите. Индустријата има неспоредливо разбирање за техничките карактеристики на стоките, потенцијалните крајни употреби и можните крајни корисници на нејзините производи и затоа игра клучна улога во откривањето и спречувањето на обидите за нелегални набавки.

Со воспоставувањето на програма за внатрешна усогласеност, извозниците, брокерите и давателите на техничка помош ќе можат да ги задоволат своите обврски во контролата на извозот притоа зачувувајќи ги нивните клучни деловни интереси. Истите ќе утврдат внатрешни политики, процедури у упатства кои ќе и овозможат на компанијата темелно да ги провери сите страни во трансакцијата, крајните корисници, дестинациите, крајната употреба на артиклот и да го процени севкупниот ризик од пренасочување, во текот на сите чекори од деловната трансакција. Со воспоставувањето на овие процедури се ограничува потенцијалот за неовластени трансфери на стратешки стоки и се намалува ризикот на компанија да работи во спротивност со законот.

Воспоставувањето на програма за внатрешна усогласеност секако дека носи и трошоци за компанијата. Компанијата ќе мора да обезбеди соодветни ресурси (временски, финансиски и човечки) за да обезбеди ефективна имплементација на програмата. Почетните трошоци за воставување на програмата се проценуваат да бидат помали од 2% од годишниот обрт на компанија, а тековните трошоци за спроведување на програмата, се проценуваат дека се помалку од 1% од вкупниот годишен приход на компанијата.